## Опис и попис на работни задачи за експерт за скалесто тарифирање на електричната енергија

### Цел на задачата

Целта на задачата е да се објасни скалестото тарифирање на електричната енергија и неговите ефекти врз електроенергетскиот систем и врз домаќинствата. Документот кој ќе биде резултат на ова истражување е наменет како материјал кој ќе даде насока на идните кампањи на Еко-свест. Истиот е наменета првично за интерна употреба и за информирање при застапување, но делови од него ќе се употребат како основа за изработка на информативни материјали.

### Опфат на задачата

Задачата треба да ги обезбеди следниве информации:

- Да даде кус преглед на одредбите од постоечката законска и подзаконска регулатива која дава или би можела да даде простор за скалесто тарифирање на електричната енергија, како и евентуалните обврски во врска со ова кои произлегуваат од релевантните меѓународните договори;
- да даде поделба на домаќинствата по потрошувачки категории (од аспект на електрична енергија), да ја определи бројноста на домаќинствата во секоја од категориите и да даде информација колку просечно троши домаќинство од секоја од категориите;
- да даде анализа колку домаќинствата од која категорија платиле на кој чинител во електроенергетскиот систем за претходна година (2019 или 2020, во зависност од достапноста на податоците) согласно достапните податоци за производството на електрична енергија;
- да даде објаснување на сметката за електрична енергија на начин кој дава информација колку проценти од сметката одат на кој чинител. Во рамките на овој дел, потребно е да се даде и осврт на тоа од кој дел од сметката има смисол да бидат изземени одредени категории на домаќинства, на пример домаќинствата на ранливите потрошувачи, домаќинствата кои живеат во енергетска сиромаштија или домаќинствата кои се под некој вид на социјална заштита и какви/колкави би биле импликациите од ваквото изземање врз останатите потрошувачи;
- да даде објаснување на добрите и лошите страни на скалестото тарифирање, како и да даде осврт на причините поради кои истото до сега не е воведува кај нас;
- да даде споредба на придобивките/недостатоците од покачувањето на цената на елекричната енергија за сите корисници (домаќинства) наспроти воведување на скалесто трифирање (на пример преку модел табела со елементи  кои се споредуваат и штикирање која опција ги нуди, а која не или друг модел кој експертот смета дека е најсоодветен за прикажување на споредбата)

- да даде проценка како скалестата цена ќе ја стимулира енергетската ефикасност и заштедата на енергија во домовите;
- да даде препораки до релевантни чинители во однос на имплементацијата или неимплементацијата на скалестото тарифирање во земјата со образложение на истите.

**Временска рамка и вредност на договорот**
Експертот има период на реализација на активноста од 10 експертски денови од датумот на потпишување на договорот. Вредноста на договорот не може да надмине бруто износ од 2000 евра во денарска противвредност. Целокупната работа треба да биде завршена не подоцна од 31 јули 2021 година.

**Потребна документација за аплицирање**
За аплицирање пторебно е да се достави:

1. професионална биографија (CV) која го прикажување релевантното искуство на експертот, и
2. Финансиска понуда (бруто износ со вклучен персонален данок)

**Евалуација на кандидатите**
Евалуационата комисија ќе ги извести само оние кандидати чија понуда ќе биде избрана.
Канидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:
- Претходно искуство во спроведувањето на слични активности 70 бодови
- Понудена цена за активноста 30 бодови

Вкупно 100 бодови.
Договор ќе биде склучен со оној кандидат кој освоил/а најголем број бодови.

**Пријавување**
Комплетната понуда кандидатите треба да ја испратат на email: ana@ekosvest.com.mk најдоцна до 09 јуни 2021 г., со назнака Апликација за експерт за скалеста цена на енергијата.
Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени во предвид. Повеќе информации можете да добиете на тел. 071-400-720 или на nevena@ekosvest.com.mk.